08-2552/1
30-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2023 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на ден 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-5279/1 од 10.11.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-5279/1 од 10.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Предметот со број 08-5279/1 од 10.11.2023 година е оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2023 година за проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси на ______________ пратеник во Собранието на РСМ и членовите на неговото семејство.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ______________и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од Изјавата за имотната состојба и интереси на _______________, ДКСК констатира дека податоците во поднесената Изјава се совпаѓаат со прибавените податоците од конкретните институции.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р А.А.Т, советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д, член